*ОПШТИНА КАРПОШ*
*ГРАДОНАЧАЛНИК*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

УП 1 Број: 11-536
Датум: 05.09.2018 год.
Скопје

Врз основа на член 35 а во врска со чен 51, став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Градоначалникот на Општина Карпош, го донесе следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на јавна презентација и јавна анкета за Архитектонско-урбанистички проект за промена на границите на ГП 2.257 (КП 7137/2) и ГП 2.258 (КП 1283/1), согласно ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. „Партизански одреди", корито на река Вардар, бул. „Македонија" и ул. „Московска", Општина Карпош-Скопје.

Јавната анкета за Архитектонско-урбанистички проект за промена на границите на ГП 2.257 (КП 7137/2) и ГП 2.258 (КП 1283/1), согласно ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. „Партизански одреди", корито на река Вардар, бул. „Македонија" и ул. „Московска", Општина Карпош-Скопје ќе се одржи од 10.09.2018 година до 14.09.2018 година, секој работен ден од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Јавната презентација за Архитектонско-урбанистички проект за промена на границите на ГП 2.257 (КП 7137/2) и ГП 2.258 (КП 1283/1), согласно ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. „Партизански одреди", корито на река Вардар, бул. „Македонија" и ул. „Московска", Општина Карпош-Скопје ќе се одржи на <u>ден 12.09.2018 година во 13.00 часот</u>, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Проектниот опфат ги опфаќа градежните парцели 3.03.2.257 и 3.03.2.258, во чиишто рамки се опфатени КП 7137/2, КП 1283/1 и дел од КП 7137/1 КО Карпош.

Површината на опфатот на просторот за кој се однесува овој Архитектонско-урбанистички проект изнесува П= 474,67 м2.

Анкетните листови за учество ва Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и на системот Е-урбанизам.

Соопштението за организирање на јавната презентација и јавната анкета и графичкиот приказ ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица, можат да достават забелешки на анкетни листови во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и во електронска форма преку информацискиот систем Е-урбанизам. согласно член 35 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk;*